**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Валентина Спасова-Јованова**
**именуван за подрачјето**
**на Основниот суд**
**Штип и Свети Николе**
**ул.Браќа Миладинови бр.4/А**
**тел. 032-387-387;**
**valentinasj@t.mk**

**Образец бр.66**

**И.бр. 730/2013**

Извршителот Валентина Спасова-Јованова од Штип, ул.Браќа Миладинови бр.4/А врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителите Светланка Сајова од Штип законски наследник на Делчо Сајов од Штип, Силвана Ѓуфтевска од Штип и Даниела Ристова од Скопје законски наследници на Здравко Сајов од Штип и Драган Горѓиев од Штип законски наследник на Драгица Горѓиева од Штип, засновано на извршната исправа К.бр.487/12 од 14.01.2013 година на Основен суд Штип, против должникот Ацо Паризов од Штип на ден 18.03.2025 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со **прво** усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

- ½ парцела 4221, дел 0, адреса Солидарност 9/10, број на зграда 1, намена на згр.А2-1, влез 2, кат К2, број 10, намена на дел СТ, внатрешна површина од 53 м2, право на недвижност сосопственост, запишана во имотен лист бр. 10158 за КО Штип-3, сопственост на Ацо Паризов од Штип,

- ½ парцела 4221, дел 0, адреса Солидарност 9/10, број на зграда 1, намена на згр.А2-1, влез 2, кат ПО, број 10, намена на дел П, внатрешна површина од 10 м2, право на недвижност сосопственост, запишана во имотен лист бр. 10158 за КО Штип-3, сопственост на Ацо Паризов од Штип,

- ½ парцела 4221, дел 0, адреса Солидарност 9/10, број на зграда 3, намена на згр.А2-1, влез 2, кат К2, број 10, намена на дел ПП, внатрешна површина од 8 м2, право на недвижност сосопственост, запишана во имотен лист бр. 10158 за КО Штип-3, сопственост на Ацо Паризов од Штип,

- ½ парцела 4221, дел 0, адреса Солидарност 9/10, број на зграда 3, намена на згр.А2-1, влез 2, кат К2, број 10, намена на дел СТ, внатрешна површина од 6 м2, право на недвижност сосопственост, запишана во имотен лист бр. 10158 за КО Штип-3, сопственост на Ацо Паризов од Штип.

Продажбата ќе се одржи на ден **07.04.2025** година во **14,00** часот во просториите на Извршител Валентина Спасова Јованова Штип, на ул.Брака Миладинови бр.4 А во Штип.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.730/2013 од 18.03.2025 година изнесува **1.311.912,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е

должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 380911375801165 која се води кај ПроКредит Банка АД Скопје и даночен број 5029006106087.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 8 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Слободен Печат и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

Д.-на: доверител
должник
Град Штип - Сектор за финансии
Одделение за наплата на даноци,
такси и други надоместоци

И З В Р Ш И Т Е Л
Валентина Спасова-Јованова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВАЛЕНТИНА СПАСОВА-ЈОВАНОВА ИЗВРШИТЕЛ 1 ШТИП

**Правна поука:** Против овој налог може да се поднесе приговор до Основниот суд Штип согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.